**20211111788**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 35 став (5) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИИТЕ И НИВНИОТ БРОЈ, ПРОЦЕНУВАЊЕТО НА ПРИСТИГНАТИТЕ АПЛИКАЦИИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО НАСТАВНИК-МЕНТОР И НАСТАВНИК-СОВЕТНИК, БОДИРАЊЕТО НА КАНДИДАТИТЕ, РАНГ-ЛИСТАТА, КАКО И НАЧИНОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА КОМИСИИТЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг-листата, како и начинот на работењето на комисиите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 187/20, 308/20 и 63/21), во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Комисиите за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник (во натамошниот текст: комисиите), се формираат најдоцна 10 дена од денот на објавувањето на отворениот јавен повик за добивање на звање наставник-ментор и наставник-советник (во натамошниот текст: јавниот повик), што се објавува на интернет страната на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), по претходно доставени предлози за членови од соодветните наставнички факултети, од репрезентативниот синдикат за образование, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, од Министерството, од Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото), односно Центарот за стручно образование и обука (во натамошниот текст: Центарот) за наставниците по стручните предмети.“

Член 2

Во членот 5 ставовите 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Од страна на комисијата, најдоцна 15 дена од денот на приемот на пријавата и доказите прикачени на електронската апликација на интернет страната на Министерството, се поднесува барање до Бирото, односно до Центарот за доставување на оценка за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор или наставник-советник, како и барање до училиштето во кое работи кандидатот за доставување мислење за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор или наставник-советник, освен за кандидатите од член 7 став 2 од овој правилник.

Од страна на Бирото, односно Центарот, најдоцна 60 дена од денот на приемот на барањето од став 1 на овој член, до комисијата се доставува оценка за исполнетоста на стандардите од став 1 на овој член, за секој кандидат.

Од страна на училиштето во кое работи кандидатот, најдоцна 60 дена од денот на приемот на барањето од став 1 на овој член, до комисијата се доставува мислење за исполнетоста на стандардите од став 1 на овој член, за секој кандидат. Училиштето дава мислење врз основа на податоците со кои располага тимот за професионален развој во училиштето, мислењето на наставниците, мислењето на родителите и мислењето на учениците.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-7664/1
17 мај 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.